# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>15.06.2015 год.<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 50 |
|---|---|



**С О Д Р Ж И Н А**



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од град настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 09.05.2015 година. | **5** |
| **2.** | Одлука за реализација на Проектот „Реконструкција на локален патен правец с.Косел-с.Вапила-с.Ливоишта во општина Охрид“ - реализација на втора фаза од проектот реконструкција на локален патен правец с.Вапила-с.Ливоишта. | **15** |
| **3.** | Одлука за реализација на основниот Проект „Проект за надградба со асфалт и проширување со банкини на локален пат с.Велестово“ - реализација на втора фаза од проектот. | **16** |
| **4.** | Одлука за реализација на основниот Проект „Проект за употреба и одржување на локален пат во м.в.Кромидишта, населба Рача - Охрид“. | **18** |
| **5.** | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти. | **19** |
| **6.** | Одлука за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги. | **20** |
| **7.** | Одлука за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид. | **22** |
| **8.** | Одлука за општински линиски превоз на патници во општина Охрид. | **28** |
| **9.** | Одлука за отстапување на користење на паркинг простор од општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид. | **39** |
| **10.** | Одлука за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија. | **40** |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 – 2018. | **41** |
| **12.** | Одлука за измена на Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2250/1 КО Пештани. | **43** |
| **13.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.35 КО Охрид 4. | **44** |
| **14.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.362/11 КО Лескоец. | **45** |
| **15.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.738/4 и Кп.бр.740/1 КО Косел. | **46** |
| **16.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.951/28 КО Оровник. | **47** |
| **17.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1314 КО Велестово. | **48** |
| **18.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1684/4 КО Велгошти. | **49** |
| **19.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1785 КО Велгошти. | **50** |
| **20.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1943 КО Лескоец. | **51** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2094 КО Лескоец. | **52** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2135 КО Лескоец. | **53** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2469 КО Лескоец. | **54** |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2584/2 КО Коњско. | **55** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2593 КО Велгошти. | **56** |
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2652 КО Велгошти. | **57** |

| | | |
|---|---|---|
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2864 и Кп.бр.2866 КО Коњско. | **58** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.80/21 КО Долно Лакочереј. | **59** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.428/1 КО Трпејца. | **60** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.952/9 КО Оровник. | **61** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1377 КО Трпејца. | **62** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1661 КО Лескоец. | **63** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1665 КО Лескоец. | **64** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1714 КО Велгошти. | **65** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1728 КО Пештани. | **66** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1746 КО Лескоец. | **67** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1805 КО Лескоец. | **68** |
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1990 КО Велгошти. | **69** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2113/1 КО Лескоец. | **70** |
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2243 КО Лескоец. | **71** |
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2289 КО Лескоец. | **72** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2313 КО Велгошти. | **73** |

| | | |
|---|---|---|
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2632/1 КО Елшани. | **74** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2791/3 КО Велгошти. | **75** |
| **45.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2823/1 КО Коњско. | **76** |
| **46.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.3372 КО Елшани. | **77** |
| **47.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.3465 КО Охрид 4. | **78** |
| **48.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.9387 КО Охрид 2. | **79** |
| **49.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.224, 223, 2344 КО Опеница. | **80** |
| **50.** | Известување Уп1 бр. 10-588-10 од 12.06.2015 година | **81** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА**
**НА ШТЕТИ ОД ГРАД НАСТАНАТИ НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 09.05.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од град настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 09.05.2015 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.26/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ГРАД НАСТАНАТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 09.05.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка на штети од град проследен со силен ветер и дожд, настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 09.05.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

# ЕЛАБОРАТ

***за проценка на штета од град проследен со силен ветер и дожд***
***- во општина Охрид- на ден 09 Мај 2015 година***

***Општ дел***

На ден 09 Мај 2015 година подрачјето на општина Охрид со населените места Охрид, Лескоец, Косел, Горно Лакочереј и Долно Лакочереј ги зафати силно невреме со појава на

град проследен со силен ветер и обилни врнежи од дожд кои предизвикаа големи материјални штети на земјоделските насади и посеви.

***Предмет на елаборатот***

Предмет на овој Елаборат е проценка на штетата настаната од појавата на град на 09 Мај 2015 година, извршена врз основа на 136 барања на граѓани со проценка на штета на секое лице (физичко и правно) барател, за катастарски парцели во катастарските општини на населените места во општина Охрид, и селата Лескооец, Косел, Горно Лакочереј и Долно Лакочереј за кои е побарана проценка. Во елаборатот врз основа на поединечните проценки за секоја парцела, тековно земјоделско производство, а во согласност со принципите од Единствената методологија за проценка на штети од елементарни и други непогоди се искажани збирните резултати за проценета штета на земјоделските култури.

Во Елаборатот е наведена причината, големината и последиците од штетата. Елаборатот е изработен согласно Единствената методологија за проценка на штети од елементарни и други непогоди (Сл. Весник на РМ бр. 75/01)

Изготвувач на Елаборатот е Комисијата за проценки на штети и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи при општина Охрид, формирана со Одлука на Совет на Општина Охрид бр. 07- 6709/26 од 18.07.2014 год.

Проценката и утврдување на висината на штетата од елементарната непогода Комисијата ја изврши врз основа на поднесените барања од оштетени субјекти (физички лица) во општина Охрид, со непосредно излегување на терен и директен увид во секое средство и благо во сопственост на граѓани.

Применетите цени во проценката се согласно Единствената методологија утврдени врз основа на податоци од Државниот завод за статистика, месечни публикации-извештаи за цените на земјоделските култури , податоци за тригодишниот просек на откупни цени на одделни земјоделски култури од деловни субјекти регистрирани за откуп на земјоделски производи, од проценки на стручни овластени лица судски проценители во делот на земјоделството. Комисијата ги определи и приносите кај одделните земјоделски култури користејќи ја методологијата на рокови на засадување, вид на расаден материјал, очекувани термини на реколтирање. Приносите се изразени по единица површина.

***Вид, карактеристики и причина за штетите***

Причина за настанатите штети се:

Град (чл. 35 т.02 и т.07 од Единствената методологија и чл. 2 ст.1 од измените и дополнувањата на Законот за заштита и спасување од 2008 год.), предизвикани од силно невреме проследено со пороен дожд, силен ветар, грмежи и појава на град, со силен интензитетt, и чести електрични празнења со кој е предизвикана огромна материјална штета врз земјоделските култури, посеви, овошни насади.

***РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТИТЕ ШТЕТИ***

До Комисијата се поднесени барања за проценка на катастарски парцели за настанати Штети и тоа:

- 134 барања за настанати штети на земјоделски површини со вкупна површина од 1.068.426 м2 - 106,8426 ха, и тоа во Охрид 7 пријави од физички лица со 6,1205 ха оштетено земјоделско производство, Лескоец 5 пријави со 3,3093 ха оштетено земјоделско производство, Косел 67 пријави со 37,234 ха оштетено земјоделско производство, Горно Лакочереј 38

пријави со 35,3224 ха оштетено земјоделско производство и Долно Лакочереј 17 пријави со 16,0166 ха оштетено земјоделско производство, кај кои по видови култури степенот на оштетеување е различен и процентот на оштетеување се движи од 50 – 100%.

- 2 барања за настанати штети на земјоделски површини со вкупна површина од 88.389 м2 – 8,8389 ха кај деловни субјекти за оштетено земјоделско производство каде степенот на оштетеување е различен и се движи од 50-100%.

Комисијата изврши увид на сите катастарски парцели за кои е побарано проценка и го процени износот на причинетата штета согласно принципите и Единствената методологија.

Износот на проценета штета предизвикана од елементарната непогода е:

* **за земјоделски површини е :**

- 51.163.734,00 мкд , на средства во сопственост на граѓани
- 846.988,00 мкд, на средства сопственост на деловни субјекти

**Вкупниот износ на проценетата штета изнесува 52.010.722,00 мкд.**

***КО Охрид***

За КО Охрид поднесени се 7 пријави за проценка на штета на 6,1205 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 2.902.205,00 денари, штета во сопственост на граѓани на земјоделско производство ( засадени површини, јаболкови насади, винова лоза, сливи, цреши, круши и сл.).

Поднесени се и 2 пријави за проценка на штета на 8,8389 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 846.988,00 денари, штета во сопственост на деловни субјекти на земјоделско производство ( јаболкови насади и насади со цреши).

***КО Лескоец***

За КО Лескоец поднесени се 5 пријави за проценка на штета на 3,3093 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 2.450.988,00 денари, штета во сопственост на граѓани на земјоделско производство ( јаболкови насади, винова лоза, цреши и сл.).

***КО Косел***

За КО Косел поднесени се 67 пријави за проценка на штета на 37,2349 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 25.925.949,00 денари, штета во сопственост на граѓани на земјоделско производство ( засадени површини, јаболкови насади, винова лоза, сливи, цреши, круши, кајсии, лешници и сл.).

***КО Горно Лакочереј***

За КО Горно Лакочереј поднесени се 38 пријави за проценка на штета на 35,3224 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 13.948.194,00 денари, штета во сопственост на граѓани на земјоделско производство ( засадени површини, јаболкови насади, винова лоза, сливи, цреши, праски и сл.).

***КО Долно Лакочереј***

За КО Долно Лакочереј поднесени се 17 пријави за проценка на штета на 16,0166 ха површина. Оценета е вкупна штета во износ од 5.936.398,00 денари, штета во сопственост на граѓани на земјоделско производство ( засадени површини, јаболкови насади, винова лоза, сливи, цреши, праски и сл.).

Збирот и резултатите за видовите на културите, површините, очекуваниот принос, цени и вредност во денари на ниво на општина Охрид се искажани во посебни табеларни прегледи согласно Единствената методологија.

Во прилог се доставуваат и Табелите 1, 2, 3, 4, 5 и 9 по видови на средства поединечно.

Во ш -07 дадени се проценетите Штети кај деловните субјекти.

Во Ш-08 дадени се просечните цени за проценка на штети обезбедени од Општината, Подрачниот завод за статистика и од пазарот.

Со оглед на погореизнесеното а со цел за отстранување на последиците од штетите предизвикани од градот предлагаме Владата на РМ да додели помош на барањата во износ од **52.010.722,00 денари.**

## Завршен дел

Овој Елаборат е усвоен од Советот на Општина Охрид. Усвоениот елаборат од Советот на Општината го доставуваме до:

1. Владата на Република Македонија - Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди
2. Државниот завод за статистика

Составен дел на Елаборатот се:
Табеларни прегледи:
Табела 1
Табела 2
Табела 3
Табела 4
Табела 5
Табела 9

Образец: Ш - 07
Ш - 08

Комисија за процена и утврдување на висината на Штета настаната од природни непогоди

1. Радован Вељаноски, Дипл.Инг.агр._______
2. СаШо Котели, Дипл.град.инг. ____________
3. Бистра Прентоска, Дипл.прав. __________
4. Томе Нанески, Дипл.град.инг. ___________
5. Илија Козомара, Геодетс.инг. ___________

Табела 1

**ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ, СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ**

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

**Во (000 ден.)**

| | ВКУПНА ШТЕТА | | | НА СРЕДСТВА ТА НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | | | НА СРЕДСТВАТА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства | Вкупно | На оштетени средства | На уништени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО | 52.010 | - | - | 847 | 847 | - | 51.163 | 51.163 | - |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | - | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | - | - | | | - | - | - | - | - |
| ОПРЕМА | | | | | | | | - | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | 52.010 | | - | 847 | 847 | - | 51.163 | 51.163 | - |

Табела 2

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ОБЛАСТ И ДЕЈНОСТИ

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

**Во ( 000 ден.)**

| | **Број на единици** | **Вкупна Штета** 4+5+6+7 | **Штети на средства** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ОШтет** | **УниШ** | **ТроШ** | **Инд. Штета** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **ВКУПНО** | **136** | **52.010** | **52.010** | | | |
| **Стоп.дејности** | | | | | | |
| **Индустр.и рударство** | | | | | | |
| **Земјод.и рибарство** | **136** | **52.010** | **52.010** | | | |
| **Шумарство** | | | | | | |
| **Водостопанство** | | | | | | |
| **ГрадежниШтво** | | | | | | |
| **СообраЌи врски** | | | | | | |
| **Трговија** | | | | | | |
| **Угостит.и туризам** | | | | | | |
| **Занаетчиство** | | | | | | |
| **Стам-комун дејност** | | | | | | |
| **Вонстопан.дејности** | | | | | | |
| **Образ,наука и култ** | | | | | | |
| **Здрав и социј заШт.** | | | | | | |
| **Средства на АРМ** | | | | | | |

Табела 3

# ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

**Во(000)**

| **Назив на организацијата заедницата и место** | **ш тети на средства** | | | **ТроШоци** | **Индир. Шгети** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупна Шгета (3+4+5+6)** | **ОШгет** | **УниШг** | | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| **Градинар АД** | 574 | 574 | | | |
| **ГеН ПРОМ ДООЕЛ** | 273 | 273 | | | |
| | | | | | |
| ***В К У П Н О*** | **847** | **847** | | | |

Табела 4

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

| НАЗИВ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА | ВКУПНА ш ТЕТА | | | НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | | | НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оШгетени средства | На униШге ни средства | Вкупно | На оШгете ни средства | На униШген и средства | Вкупно | На оШгетени средства | На униШге ни средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Вкупно | 52.010.722 | 52.010.722 | - | 846.988 | 846.988 | - | 51.163.734 | 51.163.734 | - |
| | | | | | | | | | |
| Охрид | 3.749.193 | 3.749.193 | - | 846.988 | 846.988 | - | 2.902.205 | 2.902.205 | - |
| Лескоец | 2.450.988 | 2.450.988 | | | | | 2.450.988 | 2.450.988 | - |
| Косел | 25.925.949 | 25.925.949 | | | | | 25.925.949 | 25.925.949 | |
| Горно Лакочереј | 13.948.194 | 13.194.194 | | | | | 13.948.194 | 13.948.194 | |
| Долно Лакочереј | 5.936.398 | 5.936.398 | | | | | 5.936.398 | 5.936.398 | |

**Табела 5**

**ПРЕГЛЕД НА шТЕТИ ПО ВИДОВИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ**

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

| | ед.мера | КОЛИЧЕСТВО | | ИЗНОС НА шТЕТА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ОШтетена | УниШтена | На оШтетени средства | На униШтени средства | ВКУПНО (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
| Цреши | кгр. | 205.326 | - | 20.532.668 | - | 20.532.668 |
| Ореви | кгр. | 2.310 | - | 346.500 | - | 346.500 |
| Јаболка | кгр. | 1.388.725 | - | 24.997.051 | - | 24.997.051 |
| Сливи | кгр. | 25.027 | - | 1.001.072 | - | 1.001.072 |
| Грозје | кгр. | 53.626 | - | 804.388 | - | 804.388 |
| Пченица | кгр. | 6.231 | - | 74.772 | - | 74.772 |
| Јачмен | кгр. | 1.542 | - | 18.511 | - | 18.511 |
| Круши | кгр. | 30.169 | - | 3.016.930 | - | 3.016.930 |
| Кајсии | кгр. | 1.104 | - | 110.400 | - | 110.400 |
| Лешници | кгр. | 1.040 | - | 520.200 | - | 520.200 |
| Салати | бр. | 1.000 | - | 15.000 | - | 15.000 |
| Киви (актинидија) | кгр. | 700 | - | 28.000 | - | 28.000 |
| Праски | кгр. | 10.904 | - | 545.230 | - | 545.230 |
| | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **1.727.704** | | **52.010.722** | | **52.010.722** |

Табела 9

**ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА, ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ**

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Град, 09 Јуни 2015 година

| | ВКУПНА шТЕТА | шТЕТА НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | шТЕТА НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ |
|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 52.010.722 | 846.988 | 51.163.734 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | | | |
| Цреши | 20.532.668 | 573.984 | 19.958.684 |
| Ореви | 346.500 | | 346.500 |
| Јаболка | 24.997.051 | 273.004 | 24.724.047 |
| Сливи | 1.001.072 | - | 1.001.072 |
| Грозје | 804.388 | - | 804.388 |
| Пченица | 74.772 | - | 74.772 |
| Јачмен | 18.511 | - | 18.511 |
| Круши | 3.016.930 | - | 3.016.930 |
| Кајсии | 110.400 | - | 110.400 |
| Лешници | 520.200 | - | 520.200 |
| Салати | 15.000 | - | 15.000 |
| Киви (актинидија) | 28.000 | - | 28.000 |
| Праски | 545.230 | - | 545.230 |
| | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | - | - | - |

## Образец Ш -07

## *ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕНЕТИ ШТЕТИ ВО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ*

*Податоци за претпријатието за кое се врши процена*

*А) Назив на деловниот субјект*

**„ ГРАДИНАР“ АД ОХРИД**

**ВО (000)**

| | **Вкупно проценета Штета** | **ш тета** | |
|---|---|---|---|
| | | **На оШтетени средства** | **На униШтени средства** |
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| ***ВКУПНО*** | **574** | **574** | |
| **ЗемјиШте** | | | |
| **Градежни објекти** | | | |
| **Опрема** | | | |
| **ДолгогодиШни насади** | | | |
| **ш уми и дивеч** | | | |
| **Добиточен фонд и живина** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Обртни средства** | **574** | **574** | |
| **Културни блага** | | | |
| **Други средства** | | | |
| **Индиректни Шгети** | | | |
| **ЕдногодиШни насади** | | | |

**Образец Ш -07**

*ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕНЕТИ ШТЕТИ ВО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ*

*Податоци за претпријатието за кое се врши процена*

*А) Назив на деловниот субјект*

**„ ГеН ПРОМ“ ДООЕЛ ОХРИД**

**ВО (000)**

| | **Вкупно проценета Шгета** | **ш тета** | |
|---|---|---|---|
| | | **На оШгетени средства** | **На униШгени средства** |
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| ***ВКУПНО*** | **273** | **273** | |
| **ЗемјиШге** | | | |
| **Градежни објекти** | | | |
| **Опрема** | | | |
| **ДолгогодиШни насади** | | | |
| **ш уми и дивеч** | | | |
| **Добиточен фонд и живина** | | | |
| **Обртни средства** | **273** | **273** | |
| **Културни блага** | | | |
| **Други средства** | | | |
| **Индиректни Шгети** | | | |
| **ЕдногодиШни насади** | | | |

**ПРОЦЕНА НА ш ТЕТИ** **Образец: ш -08**

**Од ___ОпШгина Охрид ___**

| | | |
|---|---|---|
| **ш** | **0** | **8** |

**Ред.бр. на образецот** | | | | |

**ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА шТЕТИТЕ**

**Комисија која ги обезбедила цените ________________________________**

| **Ред.бр.** | **Назив на позицијата на работата, материјалот и др.** | **Единица на мера** | **Просечна цена во денари** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1. | Јаболка | кгр. | 18,00 |
| 2. | Грозје | кгр. | 15,00 |
| 3. | Цреши | кгр. | 100,00 |
| 4. | Ореви - лушпа | кгр. | 150,00 |
| 5. | Слива | кгр. | 40,00 |
| 6. | Пченица | кгр. | 12,00 |
| 7. | Јачмен | кгр. | 12,00 |
| 8. | Круша | кгр. | 100,00 |
| 9. | Кајсија | кгр. | 100,00 |
| 10. | Лешник ( без лушпа) | кгр. | 500,00 |
| 11. | Киви | кгр. | 40,00 |
| 12. | Праска | кгр. | 50,00 |
| 13. | Салатки - марула | Бр. | 15,00 |

__________________ 2015 година
О х р и д

Комисија за процена и утврдување на висината на Штета настаната од природни непогоди

1. Радован Вељаноски, Дипл.Инг.агр._______
2. СаШо Котели, Дипл.град.инг. ___________
3. Бистра Прентоска, Дипл.прав. ___________
4. Томе Нанески, Дипл.град.инг. ___________
5. Илија Козомара, Геодетс.инг. ___________

## Општина Охрид

**Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А**
**на пресметаните штети од појава на град**

**1. Земјоделски посеви, овошни насади, градинарски култури**

**- сопствeност на граѓани - 51.163.734,00**

| | |
|---|---|
| **- сопственост на деловни субјекти -** | **846.988,00** |
| **Вкупно:** | **52.010.722,00** |

**Се ВКУПНО: 52.010.722,00 мкд.**

**= 845.702,00 €**

**Број 08-7951/3-1**
**11.06.2015 година**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ С.КОСЕЛ-С.ВАПИЛА-С.ЛИВОИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД“ - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ С.ВАПИЛА-С.ЛИВОИШТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за реализација на Проектот „Реконструкција на локален патен правец с.Косел-с.Вапила-с.Ливоишта во општина Охрид“ - реализација на втора фаза од проектот реконструкција на локален патен правец с.Вапила-с.Ливоишта, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година

**Број 09-7951/4**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со Јавниот повик бр.04/2015 за користење на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ С.КОСЕЛ - С.ВАПИЛА - С.ЛИВОИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД“ - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ С.ВАПИЛА - С.ЛИВОИШТА**

### Член 1

Со оваа Одлука се потврдува дека проектот **„Реконструкција на локален патен правец с.Косел - с.Вапила - с.Ливоишта во општина Охрид**“ (II фаза - од с.Вапила до с.Ливоишта) е приоритет за општина Охрид и истиот е вклучен во стратешките документи на општината - ЈД

Развојна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 2015 - 2017 година, како и во потстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 - 2018.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Охрид да аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - јавен повик бр.04/2015 (**МЕРКА 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја),** на кој општините може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 8.845.492,00 денари.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот **„Реконструкција на локален патен правец с.Косел - с.Вапила - с.Ливоишта во општина Охрид**“ реализација на втората фаза од проектот реконструкција на локален патен правец од с.Вапила до с.Ливоишта изнесува 8.845.492,00 денари.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во вредност од 8.845.492,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ „ПРОЕКТ ЗА НАДГРАДБА СО АСФАЛТ И ПРОШИРУВАЊЕ СО БАНКИНИ НА ЛОКАЛЕН ПАТ С.ВЕЛЕСТОВО“ - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за реализација на основниот Проект „Проект за надградба со асфалт и проширување со банкини на локален пат с.Велестово“ - реализација на втора фаза од проектот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со Јавниот повик бр.04/2015 за користење на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ „ПРОЕКТ ЗА НАДГРАДБА СО АСФАЛТ И ПРОШИРУВАЊЕ СО БАНКИНИ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ВЕЛЕСТОВО“ - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека основниот проект **„Проект за надградба со асфалт и проширување со банкини на локален пат во с.Велестово**“ (II фаза) е приоритет за општина Охрид и истиот е вклучен во стратешките документи на општината - ЈД Развојна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 2015 - 2017 година, како и во потстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 - 2018.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Охрид да аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - јавен повик бр.04/2015 - **МЕРКА 321 (Подобрување на квалитетот на животот во рурални средини),** на кој општините може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 14.542.633,00 денари.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот **„Проект за надградба со асфалт и проширување со банкини на локален пат во с.Велестово**“ – Охрид - реализација на втората фаза од проектот изнесува 14.542.633,00 денари.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во вредност од 14.542.633,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ „ПРОЕКТ ЗА УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО М.В.КРОМИДИШТА, НАСЕЛБА РАЧА - ОХРИД“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за реализација на основниот Проект „Проект за употреба и одржување на локален пат во м.в.Кромидишта, населба Рача - Охрид“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со Јавниот повик бр.04/2015 за користење на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ „ПРОЕКТ ЗА УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО М.В.КРОМИДИШТА, НАСЕЛБА РАЧА - ОХРИД“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека основниот проект **„Проект за употреба и одржување на локален пат во м.в.Кромидишта, населба Рача - Охрид**“ е приоритет за општина Охрид и истиот е вклучен во стратешките документи на општината - ЈД Развојна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 2015 - 2017 година, како и во потстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 - 2018.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Охрид да аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - јавен повик бр.04/2015 (**МЕРКА 322 - Обнова и развој на селата)** на кој општините може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 5.958.900,00 денари.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот **„Проект за употреба и одржување на локален пат во м.в.Кромидишта, населба Рача - Охрид“** реализација на проектот за употреба и одржување на локален пат во м.в.Кромидишта, населба Рача – Охрид, изнесува 5.958.900,00 денари.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во вредност од 5.958.900,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/7**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 23 став 1 точка 3 и 4 и став 3 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04, 89/08, 115/10 и 53/11), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

**Член 1**

Се продолжува работното време на угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, за 2 часа во деновите:

- 3, 4, 5 и 31.07.2015 година
- 1, 2, 7, 8 и 9.08.2015 година
- 6 и 7.09.2015 година.

**Член 2**

Работното време за угостителските објекти од член 1 на оваа Одлука, се продолжува за 1 час во деновите:

- 10, 11, 12, 17 и 18.07.2015 година
- 27, 28 и 29.08.2015 година
- 9, 10, 11, 23 и 24.10.2015 година
- 7 и 8.12.2015 година.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Советот на општина Охрид бр.07-6092/20 од 30.06.2014 година.

**Член 4**

Се задолжува општинскиот инспекторат согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, да врши континуирано мерење на бучавоста од угостителските објекти и доколку истите не се придржуваат до законски дозволената гранична вредност да следуваат прекршочни санкции согласно Закон.

Се задолжуваат угостителите на угостителските објекти да се придржуваат кон одредбите на овој Закон.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/7**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/8**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 11, 12 и 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Сл.Весник на РМ“ бр.79/09; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014 и 116/2014), член 15 став 1 точка 7 и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од страна на општина Охрид ќе се врши обезбедување на остварување на социјалната заштита на граѓаните, од средствата на Буџетот на општина Охрид, во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓаните кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, за тековната 2015 година.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување на мерките.

**Член 2**

Вкупниот износ на субвенција ќе изнесува 600,оо денари месечно, за секој корисник на субвенцијата и ќе биде составен од следните четири компоненти:

- Покривање на трошоците за потрошена вода за пиење до 250 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за одведување на отпад до 150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за одведување на отпадни и атмосферски води до 150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за плаќање на гробна такса-гробарина до 50 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата.

**Член 3**

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Охрид ќе можат да го користат лицата кои имаат статус на:

- Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејството е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест.

  Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни или церебрално васкуларни заболувања и други тешки заболувања.

**Доколку се пријават повеќе од 100 лица, со статус на лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејството е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест, во тој случај услов за оваа категорија на корисници е во 2014 година заедно со брачниот другар да не остваруваат приходи поголеми од 105.600,оо денари.**

**Член 4**

Се утврдува дека категоријата на граѓани утврдена во член 3 од оваа Одлука, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку комулативно ги исполнуваат следните критериуми:

- Да се државјани на Република Македонија;
- Да се жители на општина Охрид;
- Да се корисници на услуги од: МЈП Проква-Струга, или ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид, или ЈП„Нискоградба“ Охрид, или ЈП„Градски Гробишта“ Охрид;
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

**Член 5**

Врз основа на оваа Одлука, за секој корисник на субвенцијата ќе се одлучува со Решение, по претходно спроведена постапка на јавно огласување, прибирање на барања и обработка на истите.

Максималните износи од член 2 на оваа Одлука, за секој корисник на комуналните услуги, односно на субвенцијата ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци за секој корисник одделно.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/9**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 6 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр.54/2007), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид.

**Член 2**
**Улици затворени за моторен сообраќај се определуваат:**

- улицата „Кеј Македонија“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„Ванчо Николески“, **(важи за периодот од 01 Јули до 31 Август)**, освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена.

- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до ул.„Кеј Македонија“ (**важи за периодот од 01 Јули до 31 Август)**, освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена.

- пешачката патека од „Центарот за обука на вода“ до Горица преку цела година, освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена. Истата ке биде ограничена и обележана со соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација.

-

**Член 3**
**За еднонасочни улици се определуваат:**

- улицата „Гоце Делчев“ од пресекот на оваа улица со улицата „Абас Емин“ во насока према Струга па се до пресекот со улицата „Стив Наумов“,

- улицата „Стив Наумов“ од пресекот на оваа улица со улицата „Гоце Делчев“ во насока преме улица „Пере Тошев“ до пресекот со улица „Пере Тошев“,

- Булевар „Македонски Просветители и тоа од пресекот на улицата со ул.„Димитар Влахов“ во насока према езеро до пресекот со улицата „Партизанска“,

- ул.„ Дејан Војвода“ од ул.„Пирин Планина“ до ул.„Абас Емин“,

- ул.„Дејан Војвода“ од ул.„Абас Емин“ до „Булевар Македонски Просветители“,

- ул.„Димитар Влахов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Јане Сандански“ во насока према улицата „Булевар Македонски Просветители“ до пресекот со ул.„Булевар Македонски Просветители“,

- улицата „Партизанска“ од пресекот на оваа улица со ул.„Бул. Македонски Просветители“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,

- улицата „Даме Груев“ од пресекот на оваа улица со ул„Булевар Македонски Просветители“ во насока према ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Бул.Туристичка“,

- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Димитар Влахов“ се до пресекот со ул.„Димитар Влахов“ ( **за периодот од 01 Септември до 30 Јуни**),

- улицата „Кузман Јосифоски-Питу“ од пресекот со ул.„Димитар Влахов“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,

- улицата „Цар Самоил“ од пресекот со ул„Коста Абраш“ до ресторанот Св.Софија во насока према црквата Св.Софија. Оваа улица се прогласува за „подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.

- улицата „Коста Абраш“ од пресекот со ул.„Цар Самоил“ во насока према кружен тек на сообраќај па се до хотелот „Александрија“. Оваа улица се прогласува за „подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.

- дел од ул.„Ново Проектираната 1’’ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Партизанска“ па се до пресекот со улицата “Димитар Влахов“ што поминува покрај Тутунска Банка и тоа во насока према улица „Димитар Влахов“,

- Дел од улицата „Кеј Македонија“ од пресекот на оваа улица со улицата „Јане Сандански“ па се до пресекот на оваа улица со улицата „АСНОМ“ гледано во насока према улица „АСНОМ“,

- улицата „Спас Банџов“ од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,

- улицата „8 Септември“ од пресекот со ул.„Сирма Војвода“ во насока према ул.„Никола Карев“ до пресекот со ул.„Никола Карев“,

- улицата „Лазо Трпоски“ од пресекот со ул.„Галичица“ во насока према ул.„Сирма Војвода“ до пресекот со ул.„Сирма Војвода“,

- улицата „Ванчо Питошески“ од пресекот со ул.„Лазо Трпоски“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,

- улицата „Мирче Ацев“ од пресекот со ул.„Јане Сандански“ во насока према ул.„Лазо Трпоски“ до пресекот со ул.„Лазо Трпоски“,

- улицата „ Караорман“ од пресекот со ул.„ Димитар Влахов“ во насока према Бул.„ Туристичка“ до пресекот со Бул.„ Туристичка“.

**Член 4**

На ул.„К.Јосифоски-Питу“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај, паркирањето ќе е под аголот од 60 степени и тоа од десната страна гледано во насока на движење.

На ул.„К.Јосифоски-Питу" во делот од ул.„Партизанска" до Кеј „Македонија“ паркирањето ќе е под агол од $60^{o}$ од лева страна гледано во насока кон езерото.

На ул.„Марко Цепенков“ во насока од кружниот тек Болница до кружен тек со ул.„Момчило Јорданоски“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна на улицата.

На дел од ул.„Гоце Делчев“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај паркирањето ќе се врши надолжно од левата страна од такси станицата па се до пресекот со ул.„Стив Наумов“ гледано во насока према ул.„Стив Наумов“.

На дел од ул.„Партизанска“ и тоа од пресекот на оваа улица со ул.„Јане Сандански“ па се до пресекот со ул.„АСНОМ“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“.

На дел од ул.„АСНОМ“ и тоа од пресекот со Булевар „Туристичка“ па се до пресекот со Кеј „Македонија“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према Кеј „Македонија“.

На улиците „Кирил и Методи“, „Пирин Планина“, „Серафим Китаноски“, „Илинденска“, „Коста Абраш“, „Цар Самоил“, „Кузман Капидан“, „Кочо Рацин“, „Климентов Универзитет“ и ул.„Аргир Маринчев“, се забранува паркирање на моторни возила од двете страни по целата должина на улиците.

**Член 5**

**Како паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата, согласно Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид бр.07-8141/17 од 25.12.2013 година се определуваат:**

- Паркинг плац кај стара Стоковна куќа;
- Два паркинг простори во нас.Лагадин;
- Паркинг просторот кој се протега на дел од ул.„ Македонски Просветители“ од пресекот на ул.„Булевар Туристичка“ до крај заедно со кружниот тек на сообраќај;

- Ул.„Партизанска“ по цела должина (од двете страни) заедно со паркингот Ривиера;
- Ул.„Кеј Македонија“ по цела должина (освен од 01 Јули до 31 Август) кога важи летниот режим;
- Ул.„ Димитар Влахов“ по цела должина (од лева страна);
- Ул.„Кузман Јосифоски Питу“ по цела должина (на паркинг просторот означен со хоризонтална и вертикална сигнализација);
- Новопроектирана улица кај стара автобуска станица од пресек со ул.„Партизанска“ до пресек со ул.„ Димитар Влахов“;
- Ул.„Ванчо Николески“ по цела должина (на паркинг просторот означен со хоризонтална и вертикална сигнализација);
- Ул.„АСНОМ“ од пресекот со ул.„Булевар Туристичка“ до пресекот со Кеј „Македонија“ од десната страна гледано во правец на езерото;
- Ул.„ Бул. Туристичка“.

**Член 6**

**Како времени паркинг места каде паркирањето ќе се врши без наплата се определуваат следните локации:**

- Паркинг просторот пред Горна Порта од десната страна,
- Паркинг простор кај спортското игралиште во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ (во периодот од 01 Јули до 31 Август),
- Паркинг простор од десната страна на ул.„Караорман“, од ул.„Димитар Влахов“ до „Бул.Туристичка“ покрај Гимназијата,
- Паркинг просторот кај амбуланта „Маларична“,
- Паркинг просторот на левата страна од улицата „Јане Сандански“ наспроти Комерцијална банка,
- Паркинг простор пред ОУ„Братство и Единство“ на ул.„7-ми Ноември“,
- Новоизграден паркинг кај месноста Долни Сарај,
- Паркинг просторот пред куќата Уранија,
- Паркинг просторот кај Антички театар и над Антички театар,
- Прв паркинг простор на ул.„Илинденска“
- Паркинг просторот кај црква Св.Варвара на ул.„Илинденска“.

**Член 7**

На ул.„Цар Самоил’’, ул.„Коста Абраш“ и ул.,Илинденска“ се забранува секаков вид на моторен сообраќај освен за жителите на Стар Град во временски интервал од 05 часот до 20 часот, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона поврзана со чаршијата и Кеј „Македонија“ во период од 01 Јули до 31 Август.

Во периодот од 20 часот до 05 часот на крајот од „Булевар Македонски Просветители“ (кружен тек -плоштад) ќе се поставаат подвижни столпчиња за безбедно да се одвива пешачкиот сообраќај, а на раск착ицата на „Булевар Македонски Просветители“ со улица „Партизанска“ ќе има физичко присуство за регулирање на сообраќајот од 01 Јули до 31 Август.

Во периодот од 20.00 до 05.00 часот на кружниот тек, ул.„ Илинденска“, ул.„Цар Самоил“ и ул.„Коста Абраш“ се забранува секаков вид на сообраќај.

Снабдувњето на објектите во Стар Град да се врши во времето од 05.00 часот до 10.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тони. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила.

Улиците „Св.Климент Охридски“ (кружен тек), „Коста Абраш“, „Цар Самоил“ и „Илинденска“ се прогласуваат за „зони на смирен сообраќај“, при што брзината на движење се ограничува на брзина на движење на пешаци.

Улицата „Св.Климент Охридски, Чаршијата, Плоштадот „Крушевска Република“, Чинар, ул.„Гоце Делчев“ и Стара Чаршија се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 8**

Во стариот дел од градот движењето на возила е дозволено само за жителите на Стар Град кои ќе добијат специјални налепници за движење на возила во периодот од 01 Јули до 31 Август.

Специјалните налепници ќе се издаваат во Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при општина Охрид, само на жителите од Стар Град кои поседуваат важечка лична карта и сопствено моторно возило со важечка сообраќајна дозвола, регистрирано на адреса од улица која се наоѓа во овој дел од градот и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени налепници.

Специјалните пропусници и налепници ќе се издаваат на лица кои согласно важечката лична карта не се жители на овој дел од градот или воопшто на град Охрид, но во своја сопственост поседуваат куќа во тој дел на градот, по претходно нивно барање. Во барањето да приложат доказ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го има решено просторот за паркирање. На овие лица ќе им се издава толкав број на пропусници за колку го имаат решено просторот за паркирање.

**Член 9**

Велосипедски патеки за движење на велосипедисти се формираат на:

1. **Бул.„Македонски Просветители“** (се протега од Бул.„Македонски Просветители“ и тоа од крстосницата со Бул.„Туристичка“ па се до ул.„Кеј Македонија“ од десната страна во насока према езерото);
2. **Кеј „Македонија“** (се протега од пресекот со ул.„Бул.Македонски Просветители“ па се до спој со ул.„АСНОМ“ од левата страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“);
3. **Ул.„Димитар Влахов“** (се протега од пресекот со ул.„Јане Сандански“ до „Бул.Македонски Просветители“ од десната страна гледано во насока према „Бул.Македонски Просветители“);
4. **Ул.„Кузман Јосифоски Питу“** (се протега од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ до ул.„Димитар Влахов“ и тоа се движи од лева страна до ул.„Партизанска“, а од ул.„Партизанска“ до ул.„Димитар Влахов“ преминува од десна страна гледано од „Кеј Македонија“ према ул.„Димитар Влахов“);

5. **Ул.„Ванчо Николески“** (се протега од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ до ул.„Партизанска“ од десната страна гледано во насока од „Кеј Македонија“ према ул.„Партизанска“);
6. **Ул.„Партизанска“** (се протега од пресек со ул.„Ванчо Николески“ до пресек со ул.„Јане Сандански“ од левата страна гледано од ул.„Ванчо Николески“ према ул.„Јане Сандански“);
7. **Ул.„Јане Сандански“** (се протега од пресекот со „Кеј Македонија“ до „Бул.Туристичка“ и тоа велосипедската патека од „Кеј Македонија“ до ул.„Партизанска“ е од десната страна, а од ул.„Партизанска“ до „Бул.Туристичка“ е од двете страни);
8. **Ул.„АСНОМ“** (се протега од пресекот со „Кеј Македонија“ до „Бул. Туристичка“ од десната страна гледано од „Кеј Македонија“ према „Бул.Туристичка“).

**Член 10**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по ул.„Гоце Делчев“ кон центарот на градот се пренасочува по ул.„Бистрица“ кон ул.„Бул. Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по ул.„Бул.Туристичка“, надвозник и Магистралниот патен правец (М5), а кај с.Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга, односно Регионалниот патен правец (Р420). По дел од ул.„Абас Емин“ и целата должина на ул.„Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

Автобускиот сообраќај се забранува на:

1. Делот од „Бул. Туристичка“ до ул.„Гоце Делчев“.

На „Бул. Туристичка“ се забранува запирање и паркирање на секаков вид на автобуски, минибуски и комби превоз на патници, освен на учесниците во општинскиот линиски превоз на патници согласно регистрираниот возен ред.

На „Бул. Туристичка“ се забранува запирање и паркирање на товарни моторни возила вклучувајки и товарни комби возила кои се користат за дотур и дистрибуција на стоки, освен во временскиот интервал од 05:00 часот до 10:00 часот секој ден кога е дозволен дотурот и дистрибуцијата на стоките.

**Член 11**

Сите товарни моторни возила кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе“ и се приклучат на ул.„Булевар Туристичка“.

**Член 12**

На улицата „Крум Точко“ ќе се одвива двонасочен сообраќај со предност на минување на возилата од спротивен правец од Дрвара према Горна Порта.

**Член 13**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим (двонасочен сообраќај).

**Член 14**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим на сообраќај и графичкиот приказ кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 15**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид бр.07-2100/3 од 17.05.2013 година, Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид бр.07-5280/40 од 23.09.2013 година и Одлуката за дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид бр.07-1665/32 од 13.11.2014 година.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/05) член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува општинскиот линиски превоз на патници, како комунална дејност од јавен интерес на граѓаните на општина Охрид.

**Член 2**

За превоз на патници што се врши на релациите со новоформираната Општина Дебарца, двете општини можат да склучат спогодба заради заедничко организирање на овој вид превоз.

**Член 3**

Општина Охрид го уредува општинскиот линиски превоз на патници, при што особено утврдува:

-единствена мрежа на линии;

-единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;

-начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;

-тарифен систем и систем на наплата;

-локација на автобуските терминали, свртувалишта, постојки и постапка за нивна измена;

-изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и постојки;

-одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1);

-критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

**Член 4**

Општинскиот линиски превоз на патници можат да го вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз.

**Член 5**

Општинскиот линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава Градоначалникот на општина Охрид и регистриран возен ред за определена линија.

Превозникот кој има лиценца за вршење општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на општина Охрид.

Дозволата и возниот ред од ставот 2 на овој член се издаваат со рок на важење од пет години.

За издадената дозвола за вршење општински линиски превоз, превозникот плаќа надоместок. Висината на надоместокот ќе се утврди согласно правилникот кој ќе го донесе Советот на општина Охрид.

## II Единствена мрежа на автобуски линии

**Член 6**

Во општина Охрид се утврдува следната мрежа на линии:

| Р.бр. | Број на линија | Назив на линијата | Траса на линијата |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Охрид – с.Г.Лакочереј - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-миНоември“, „Железничка“, „Кленоец“, „Р.Новичиќ“, с.Долно Лакочереј, с.Горно Лакочереј |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | Охрид – с.Свињишта - -с.Куратица - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „15-ти Корпус“, магистрален пат М5, с.Свињишта, с.Куратица |
| 3 | 3 | Охрид – с.Косел - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „15-ти Корпус“, магистрален пат М5, с.Косел |
| 4 | 4 | Охрид – с.Велгошти - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“ ,„Живко Чинго“, с.Велгошти |
| 5 | 5 | Охрид – с.Ливоишта - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „15-ти Корпус“, магистрален пат М5, с.Лескоец, с.Косел, с.Вапила, с.Ливоишта |
| 6 | 6 | Охрид – с.Елшани - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид-Свети Наум, с.Елшани |
| 7 | 7 | Охрид – с.Пештани - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид-Свети Наум, с.Пештани |
| 8 | 8 | Охрид – с.Трпејца - - Св.Наум - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид Св. Наум, Свети Наум |
| 9 | 9 | Градска линија 1 | Преку: ул„7-миНоември“, “Туристичка“, „АСНОМ“, дел „Сирма Војвода“, ул.„Марко Цепенков“ ул.„МомчилоЈорданоски“, ул.„Ристо Чадо“, ул.„7-ми Ноември“ |
| 10 | 10 | Градска линија 2 | Преку ул.„Железничка“, „Бул. Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„Питу Гули“, ул.„7-ми Ноември“ |

**Член 7**

Мрежата на линии ја утврдува Советот на општина Охрид по предлог на Одделението за сообраќај и улици.

Со мрежата на линии се утврдува и фреквенцијата односно превозните капацитети што подразбира утврдување на бројот на возила во врвно часовно оптоварување кога протокот на патници е најголем.

**Член 8**

За отворање нови, продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии одлучува Советот на општина Охрид по предлог на Одделението за сообраќај и улици доколку се исполнети неопходните сообраќајно – технички услови.

**Член 9**

Линијата во општинскиот превоз на патници има свој број и назив, како што е утврдено во член 6 од оваа Одлука. Називот на линијата се означува со името на почетната станица и името на крајната станица. Бројот и називот на линијата се поставува на возилото, на постојките и на свртувалиштата.

**Член 10**

Општинскиот превоз на патници се врши со автобуси, минибуси и комби возила, кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење превоз на патници.

**Член 11**

Бројот и називот на линијата во моторните возила за вршење општински линиски превоз се постравува од внатрешната страна на предното ветробранско стакло на десната бочна страна во просторот направен за истакнување. Истиот е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо и арапски бројки.

**Член 12**

Моторните возила со кои се врши општински линиски превоз на патници во внатрешноста од возилото треба да имаат натписи и ознаки за информирање на патници и тоа:

1. Број на регистрирани места за седење и стоење;
2. Натпис и ознака „Забрането пушење“;
3. Натпис со содржина „седишта првенствено наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе“;
4. Натпис со шематски приказ на почетната, крајната и попатните постојки на линијата.

Натписите се напишани на македонски јазик и кирилско писмо.

**ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ**

**Член 13**

Возниот ред претставува флексибилен елемент во превозот на патници во општинскиот линиски превоз што се усогласува со превозните потреби.

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно – крајните свртувалишта, времето на доаѓање и поаѓање на возилата од почетно – крајните свртувалишта односно терминалите, бројот на возила потребни за одржување на линијата и рокот на важност на возниот ред.

**Член 14**

Единствениот возен ред за мрежата на линии од член 6 од оваа Одлука, го утврдува и регистрира надлежниот орган на општина Охрид.

Регистрираниот возен ред од став 1 на овој член, заради реализација се доставува до секој превозник во целина.

Возниот ред се истакнува:

1. во возилото;
2. на почетно – крајните свртувалишта, терминалите и постојките.

**Член 14-а**

Во периодот од 10 Јули до 31 Август секоја година Одделението за сообраќај и улици при општина Охрид изготвува и реализира дополнителен сезонски превоз на патници и дополнителни возни редови за следните линии:

-Охрид - Свети Стефан - Охрид
-Охрид – Лагадин - Охрид
-Охрид – Градиште - Охрид.

**Член 15**

Влегувањето и слегувањето на патници се врши само на постојките согласно утврдениот возен ред, додека за дополнителниот сезонски превоз на патници почетната и крајната станица ќе биде Автобуската станица-Охрид.

**Член 16**

Превозникот е должен линиите да ги одржува согласно со регистрираниот возен ред.

При реализација на возниот ред на секоја линија, превозникот е должен да застанува само на постојките и свртувалиштата утврдени со оваа Одлука.

До колку превозникот превозот го врши спротивно од став 2 на овој член надлежниот орган ќе му ја одземе дозволата за вршење на превоз и регистрираниот возен ред.

**Член 17**

Превозникот е должен за привремено запирање на превозот на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган.

Надлежниот општински орган е должен веднаш да ја извести јавноста за привременото запирање на превозот на патници.

**Член 18**

При вршењето на општинскиот превоз на патници, превозникот е должен во моторните возила со кои го врши превозот да има лиценца, дозвола за вршење на превозот, регистриран возен ред, и тоа сите документи во оригинал.

**ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ ЗА НАПЛАТА**

**Член 19**

Тарифниот систем претставува основа за утврдување на цената на превоз на патници на линиите.

Во јавниот превоз се утврдува единствен тарифен систем.

**Член 20**

Превозните услуги се наплатуваат преку претходно купен билет во самото возило или надвор од возилото.

**Член 21**

Лиценца за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид издава Градоначалникот на барање на превозникот.

**Член 22**

За добивање лиценца превозникот треба да ги исполнува следните услови:

1. Да е впишан во централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност-вршење на превоз на патници во патниот сообраќај;

2. Да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг, што ги исполнува посебните техничко – експлоатациски услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз.

За општински линиски превоз на патници да е сопственик на две или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг на возила со најмалку 16+1 седиште, а за слободен превоз и посебен линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку едно возило со капацитет со најмалку 8+1 седиште по возило;

3.Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност во сообраќај на патиштата;

4.Управителот или овластеното лице одговорно за превозот да има сертификат за професионална компетентност;

5.Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;

6. Да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возила со кои ќе се врши превозот, како и места за задржување на возилата во време кога тие не се користат или договор заверен кај нотар за обезбедено право на користење на таков капацитет во период од најмалку 5 (пет) години.

**Член 23**

Надлежниот орган на општина Охрид што ја издава лиценцата за вршење општински превоз на патници може да му ја одземе на превозникот истата, ако утврди дека:

1.Превозникот повеќе не исполнува некој од условите од претходниот член за добивање лиценца;

2.Врши превоз спротивно на издадената лиценца;

3.Превозникот престане со вршење на дејноста во патниот сообраќај.

**Член 24**

Изборот на превозникот за добивање дозвола се врши по пат на јавен повик.

На јавниот повик можат да учествуваат сите правни лица кои имаат претходно добиено лиценца за вршење општински линиски превоз.

Изборот на превозникот и издавањето на дозволата и регистрираниот возен ред го врши комисија формирана од Градоначалникот на општина Охрид согласно понудите од јавниот повик.

Понудата за добивање на дозвола за превоз и регистрирање на возен ред треба да содржи:

- полн назив, седиште и адреса на превозникот,

- матичен број и адреса на превозникот,
- број на линијата за кој се однесува понудата,
-превозникот пополнува задолжителни информации за исполнување на условите за добивање на превозот согласно законските прописи,
-како доказ дека се исполнети законските прописи од Законот за превоз на патници, превозникот внесува податоци за сите лиценцирани возила со кои располагаат, регистрирани на име на фирма или за кои има договор за лизинг, број на регистрација, марка и тип на возилото, број на шасија, број на мотор, број на седишта, датум на важност на регистрација, потврда за исполнување на техничко-експлоатационите услови, податоци за возачите кои се во редовен работен однос, податоци за платени придонеси, висина на чинење на возниот ред за бараната линија како во еден правец така и за месечен возен билет.

**Член 24-а**

Врз основа на добиените резултати од обработените понуди, комисијата до Градоначалникот на општина Охрид доставува предлог листа на одобрени односно одбиени барања, за одобрување.

Врз основа на одобрената листа се изготвуваат решенија и примерок од решенијата се доставува до превозникот.

**Член 25**

Доколку превозникот што добил дозвола за одредена линија не се придржува на регистрираниот возен ред, редовно не ја одржува линијата, качува и слегува патници надвор од автобуските, минибус и комби постојки, согласно регистрираниот возен ред, на истиот му се одзема дозволата за вршење превоз со решение на Градоначалникот на општина Охрид.

Превозникот има право на жалба на издаденото решение до Министерот за транспорт и врски на РМ во рок од 8 (осум) дена.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението од став 1 на овој член.

**Член 25 – а**

Согласно член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај, Советот ги утврдува максималните цени за превоз на патници во општинскиот линиски превоз, градскиот превоз и дополнителен сезонски превоз на релациите:

| **Релација** | **максимална цена** |
|---|---|
| Охрид – Г.Лакочереј – Охрид | **30** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид – Куратица-Охрид | **90** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид - Косел – Охрид | **30** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид - Велгошти – Охрид | **30** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид - Ливоишта – Охрид | **50** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид - Елшани – Охрид | **60** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид - Пештани – Охрид | **40** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Охрид – Св.Наум-Охрид | **110** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |
| Градска линија 1 | **20** ден. (вклучувајќи ги сите попатни станици) |

| | |
|---|---|
| Градска линија 2 | **20** ден. (вклучувајки ги сите попатни станици) |
| | |
| **Дополнителен сезонски линии (комплетен пакет)** | |
| Охрид- Св.Стефан – Охрид | **20** ден. (вклучувајки ги сите попатни станици) |
| Охрид-Лагадин-Охрид | **30** ден. (вклучувајки ги сите попатни станици) |
| Охрид - Градиште –Охрид | **60** ден. (вклучувајки ги сите попатни станици) |

**Член 25 – б**

Промената на максималните цени утврдени со оваа Одлука може да се изврши по претходно барање до Советот на општина Охрид од страна на превозниците по претходна промена на пазарните услови.

**Член 25 – в**

Согласно член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај, Советот ги утврдува минималните годишни цени за користење на автобуските стојалишта на пооделни релации за општинскиот линиски превоз и минималната цена од пакет на дополнителниот сезонски превоз изнесен во член 14-а :

| **Релација** | **минимална цена** |
|---|---|
| Охрид - Г.Лакочереј – Охрид | **3000.00 ден. годишно** |
| Охрид – Куратица-Охрид | **2000.00 ден. годишно** |
| Охрид - Косел – Охрид | **3000.00 ден. годишно** |
| Охрид - Велгошти – Охрид | **2500.00 ден. годишно** |
| Охрид - Ливоишта – Охрид | **2000.00 ден. годишно** |
| Охрид - Елшани – Охрид | **3000.00 ден. годишно** |
| Охрид - Пештани – Охрид | **4000.00 ден. годишно** |
| Охрид – Св.Наум-Охрид | **2000.00 ден. годишно** |

| **Дополнителен сезонски линии (комплетен пакет) min 2000.00 ден за времетраење од 15 Јули до 31 Август** |
|---|
| Охрид- Св.Стефан – Охрид |
| Охрид-Лагадин-Охрид |
| Охрид - Градиште –Охрид |

## Локација на автобуските терминали, свртувалишта, постојки и постапка за нивна измена

**Член 26**

Автобуските, минибус и комби свртувалиштата се лоцирани на подрачјето на општина Охрид и населените места во општина Охрид.

**Член 27**

Автобуските, минибус, комби свртувалишта се:

1. Охрид – Автобуска станица
2. с.Лакочереј
3. с.Свињишта
4. с.Куратица
5. с.Косел
6. с.Велгошти
7. с.Ливоишта
8. с.Елшани
9. с.Пештани – х.Десарет
10. Св.Наум

**Член 28**

При определување на точната локација на автобуските, минибус и комби постојките во општинскиот линиски превоз на патници треба да се почитуваат следните услови:

- автобуската, минибус и комби постојката не смее да се постави пред раскрсница во исто ниво на растојание помало од 50м.;
- растојанието помеѓу краевите на две спротивни автобуски, минибус и комби постојки поставени на коловоз со две сообраќајни ленти за сообраќај во спротивни насоки не смее да биде помало од 50м.;
- автобуската, минибус и комби постојката треба да биде надвор од велосипедска патека и тротоари.

**Член 29**

Автобуски, минибус и комби постојки на подрачјето на општина Охрид се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Григор Прличев | 40 | Отпад |
| 2 | Болница(Марлборо) | 41 | х.„Метропол„ |
| 3 | Влашка маала( Х.Узунов) | 42 | Лагадин 1 |
| 4 | Бенз. Пумпа (стари гробишта) | 43 | Лагадин 2 |
| 5 | Илинден | 44 | Елешец |
| 6 | Печатница „Коста Абраш„ | 45 | Урвиште |
| 7 | ХТД „Застава„ | 46 | Пештани 1 |
| 8 | Радојца Новичиќ 1 | 47 | Пештани Центар |
| 9 | Радојца Новичиќ 2 | 48 | Автокамп „Градиште„ |
| 10 | Радојца Нивичиќ 3 | 49 | с.Трпејца |
| 11 | Радојца Новичиќ 4 | 50 | с.Љубаништа |
| 12 | с.Долно Лакочереј | 51 | Автокамп „Љубаништа„ (пат) |
| 13 | с.Горно Лакочереј | 52 | Пазар (Охрид) |
| 14 | ЕМУЦ | 53 | Лескајца |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Езерка | 54 | Даљан Шкор |
| 16 | АГП (15-ти Корпус) | 55 | Тим маркет |
| 17 | Гробишта | 56 | Отекс |
| 18 | с.Лескоец 1 | 57 | с.Подмоље |
| 19 | С.Лескоец 2 | 58 | Орев |
| 20 | с.Лескоец Центар | 59 | Велгошти (самопослуга) |
| 21 | Корабица | 60 | Музичко училиште |
| 22 | ЕМО | 61 | Стамбени згради Жито леб |
| 23 | Косел 1 | 62 | Билјанини Извори КАМ |
| 24 | Косел 2 | 63 | нас.Рача |
| 25 | Косел 3 | 64 | Св.Стефан |
| 26 | Опеница 1 | 65 | х.Гранит |
| 27 | Опеница 2 | 66 | Бул. Туристичка згр. Печиаре |
| 28 | Прентов Мост | 67 | Плавобели згради |
| 29 | База | 68 | Хотел Дончо |
| 30 | с.Вапила | 69 | Железничка 1 |
| 31 | ОУ.Братство | 70 | Железничка 2 |
| 32 | АСНОМ( пред ул.Галичица) | 71 | Железничка 3 |
| 33 | Дет.игралиште К.Војвода | 72 | Инфо центар ( Туристичка) |
| 34 | Гаражи Мед.центар ул.С.Војвода | | |
| 35 | Пред кружно ул.М.Цепенков | | |
| 36 | Дет.игралиште Бараки | | |
| 37 | Пред кружно ул.М.Јорданоски | | |
| 38 | Стобекс | | |
| 39 | Ул.Ристо Чадо( ж.леб) | | |

**Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските, минибус и комби постојки, свртувалишта и терминали**

**Член 30**

Изградбата, обележувањето, опремувањето, начинот на користење на постојките и терминалите, како и редовното одржување на просторот и опремата го организира општина Охрид, а го реализира Одделението за сообраќај и улици на општина Охрид.

**Член 31**

Автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи:

- натпис на автобуската, минибус и комби постојката или автобуското, минибус и комби свртувалиште, како и други натписи што служат за известување на патници (возен ред и сл.);

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самата автобуска, минибус и комби постојка односно свртувалиште.

Коловозната површина на автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта, наменети за застанување на автобуси, минибуси и комби се обележува со стандардна ознака БУС со жолта боја од страна на субјектот надлежен за обележување на улиците.

**Член 32**

Автобуските, минибус и комби постојките и свртувалиштата треба да имаат:

- настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија;

- број и назив на линиите што доаѓаат, поаѓаат и поминуваат на постојката или свртувалиштето;
- шематски приказ на мрежата на линии.

**Член 33**

Надлежниот општински орган на општина Охрид може да го определува со посебен акт, видот на материјалот на опремата и другите содржини на постојките и свртувалиштата.

**Член 34**

Автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта во општинскиот линиски превоз во ноќните часови треба да бидат осветлени.

**Член 35**

Опремата на автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта може да се користи како реклама, пропаганда и други известувања под услови и во согласност со надлежните општински органи на општина Охрид.

**Член 36**

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процент со кој учествуваат во реализацијата на единствениот возен ред на мрежата на линиите.

**НАДЗОР**

**Член 37**

Надзор на законитоста на работата на превозниците што вршат општински линиски превоз на патници врши надлежниот општински орган на општина Охрид.

**Член 38**

Инспекциски надзор на примената на одредбите од оваа Одлука и од Законот за превоз во патниот сообраќај вршат општинските инспектори за патен сообраќај.

**Член 39**

Превозниците во јавниот линиски превоз на патници во општина Охрид се должни на инспекторите за патен сообраќај да им овозможат вршење инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја достават на увид потребната техничка и друга документација.

**Член 40**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-2488/10 од 12.10.2005 година, Одлуката за измени на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07- 1403/4 од 26.06.2008 година, Одлука за измени и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-306/4 од 22.02.2010 година, Одлуката за измени на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-3297/19 од 06.08 2012 година, Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-5169/15 од 28.11.2012 година, Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-8141/12 од 25.12.2012 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина

Охрид бр.07-2676/26 од 10.06.2013 година и Исправката со зав.бр.07-2653-1од 01.04.2014 година.

**Член 41**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА**
**ПАРКИНГ ПРОСТОР ОД ОПШТИНА ОХРИД**
**НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на користење на паркинг простор од општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР**
**ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид и го отстапува на користење следниот паркинг простор:

- Паркинг просторот (дел од тротоарската површина) кој се протега на почетокот од ул.„Гоце Делчев“ Кп.бр.14548/1 од десна страна и тоа поточно кај вториот чинар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид “.

**Број 08-7951/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/12**
**11.06.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/11, 53/11, 144/12, 153/12, 25/13, 137/13, 163/13), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, донесена од Советот на општина Охрид бр.07-4189/24 од 30.12.2014 година.

**Член 2**

Предмет на оваа Одлука е дополнување на Програмата за градежно земјиште - во точка 2 потточка 2.1 во делот градежни парцели кои се предмет на електронско јавно наддавање се додаваат и:

- **Г.П 3.12 на КП 1167/3** во КО Пештани согласно Урбанистички план за вон населено место Лагадин - Пештани за блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани донесен со Одлука бр.08-689/6 од 28.01.2015 година;
- **Г.П. 3.26 на КП 1167/3** во КО Пештани согласно Урбанистички план за вон населено место Лагадин - Пештани за блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани донесен со Одлука бр.08-689/6 од 28.01.2015 година и
- **Г.П 3.25 на КП 1167/3** во КО Пештани согласно Урбанистички план за вон населено место Лагадин - Пештани за блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани донесен со Одлука бр.08-689/6 од 28.01.2015 година.

**Член 3**

Градежното земјиште опишано во член 2 на оваа Одлука ќе биде предмет на отуѓување соглсно Законот за градежно змејиште.

Составен дел на оваа Одлука се:

- Извод за ГП 3.12 на КП 1167/3 во КО Пештани/УПВНМ Лагадин-Пештани за блок 3 и дел од блок 4 бр.20-6144/2 од 27.04.2015 година;
- Извод за ГП 3.26 на КП 1167/3 во КО Пештани/УПВНМ Лагадин-Пештани за блок 3 и дел од блок 4 бр.20-6146/2 од 27.04.2015 година;
- Извод за ГП 3.25 на КП 1167/3 во КО Пештани/УПВНМ Лагадин-Пештани за блок 3 и дел од блок 4 бр.20-6145/2 од 27.04.2015 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 15 ДЕЛ ОД УБ 15.4 - ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 – 2018

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт деталент урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 – 2018, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 15 ДЕЛ ОД УБ 15.4 - ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 - 2018

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 - 2018.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, се опфаќа простор со површина од 4,40 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, е опфат на границите:

-на север границата се движи по северната граница на Кп.бр.2496 и Кп.бр.2497 КО Лескоец;

-на исток границата е поставена по линија на источниот раб на пешачката патека која минува низ Кп.бр.2497, Кп.бр.991/2 и Кп.бр.992, а во еден дел границата на опфатот минува низ Кп.бр.992;

-на југ границата се движи по јужната граница на Кп.бр.992 и Кп.бр.991/1 КО Велгошти;

-на запад границата се движи по осовината на магистралната улица „15-ти Корпус“.

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, со техн.бр.135/2013, изработен од „Ин пума“ ДОО Скопје содржи:

-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за УЗ 15 дел од УБ 15.4 - опфат 1, општина Охрид, плански период 2013 - 2018.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-7951/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2250/1 КО ПЕШТАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2250/1 КО Пештани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година.

**Број 09-7951/14** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.06.2015 год.** — **Градоначалник**
**О х р и д** — **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2250/1 КО ПЕШТАНИ**

**Член 1**

